MoneyMAX FINANCIAL

Финансиско друштво
МОНИМАКС ФИНАНСИСКО
ДООЕЛ
Бр. 0306-4209/1
13.07 2026 год
Охрид

# Правила за наградната игра
# “СЀ Е ВО ЗНАКОТ НА 1
# 11 години. 11 недели. 11 добитници. 1 Главна награда.“

**Член 1**
**Назив и седиште на приредувачот на наградната игра**

Организатор на наградната игра **“СЀ Е ВО ЗНАКОТ НА 1 - 11 години. 11 недели. 11 добитници. 1 Главна награда.”** е Финансиско Друштво МОНИМАКС ФИНАНСИСКО ДООЕЛ Охрид (во понатамошниот текст: Организатор), со седиште на бул. „Македонски просветители“ бр.15, Охрид, со ЕМБС 7065213 и ЕДБ 4020015529348 и дозвола за работа број 13-11016/4 од 14.09.2015 издадена од Министерство за финансии на РСМ.

**Член 2**
**Цел на наградната игра**

Наградната игра “СЀ Е ВО ЗНАКОТ НА 1 - 11 години. 11 недели. 11 добитници. 1 Главна награда.” (во понатамошниот текст: Наградна игра) има за цел рекламирање на кредитните производи кои ги нуди Финансиско Друштво МОНИМАКС ФИНАНСИСКО ДООЕЛ Охрид на официјалната веб страна https://moneymax.mk и рекламирање на мобилната апликација My MoneyMax достапна на Google Play (https://play.google.com/store/search?q=my%20moneymax&c=apps&hl=en) и App Store (https://apps.apple.com/mk/app/my-moneymax/id6751806949).

**Член 3**
**Име, опис и времетраење на наградната игра**

Официјалното име на наградната игра е “СЀ Е ВО ЗНАКОТ НА 1 - 11 години. 11 недели. 11 добитници. 1 Главна награда.”.

Право на учество во Наградната игра имаат сите полнолетни физички лица – државјани на Р. Северна Македонија не постари од 80 години, на кои ќе им биде одобрен и исплатен потрошувачки кредит на било кој износ во периодот додека трае Наградната игра.

Наградната игра се однесува на периодот сметано од 01.08.2026 година до 22.10.2026 година и тоа за кредити издадени заклучно до 22.10.2026 до 17:00 часот, а истата ќе се одвива во 12 (дванаесет) кола.

Република Северна Македонија / Republika e Maqedonisë së Veriut
Министерство за финансии - Скопје / Ministria e financave - Shkup
VI

MoneyMAX FINANCIAL

**Член 4**

**Право на учество**

Право на учество во Наградната игра имаат сите полнолетни физички лица државјани на Р. Северна Македонија не постари од 80 години (во понатамошниот текст: Учесници), на кои ќе им биде одобрен и исплатен потрошувачки кредит на било кој износ во периодот додека трае наградната игра.

Секој корисник на кредит кој ќе склучи договор за кредит со Организаторот во периодот од 01.08.2026 година до 22.10.2026 односно заклучно до 22.10.2026 до 17:00 часот, автоматски се стекнува со право на учество во наградната игра.

Склучениот договор за кредит во електронска или во хартиена форма претставува потврда врз основа на која Учесникот се стекнува со право на учество во Наградната игра. Организаторот определува системски број на секој склучен договор за кредит и при извлекувањето, добитникот ќе биде извлечен по бројот на склучениот договор.

Квалификувани за учество во наградната игра се сите нови и постоечки клиенти на ФД Монимакс Финансиско ДООЕЛ Охрид на кои ќе им биде одобрен и исплатен кредит во посочениот период, а кои на денот на извлекувањето на наградата не го искористиле правото на откажување од договорот за кредит и немаат достасани и неподмирени обврски кон Организаторот.

Доколку биде извлечен добитник кој не ги исполнува условите, истиот ќе биде дисквалификуван и ќе биде заменет со првиот од резервните добитници кој во целост ќе ги исполнува правилата на Наградната игра.

Учесниците кои не ги прифаќаат овие Правила на наградната игра имаат право да го откажат своето учество во Наградната игра со праќање на Изјава за откажување на учество во Наградна игра на е-маил адресата info@moneymax.mk, во спротивно сите учесници ќе се смета дека ги прифаќаат Правилата на наградна игра и ќе учествуваат во неа.

Наградата ќе биде доделена само ако учесниците се квалификувани, имаат право на учество и ако целосно ги почитуваат Правилата на наградната игра.

**Член 5**

**Територија на која се спроведува наградната игра**

Наградната игра се организира и спроведува на територијата на Р. Северна Македонија.

**Член 6**

**Податоци за наградите**

Вкупниот број на награди во Наградната игра е 12, а вкупната вредност на наградниот фонд е 51,105,00 денари, со што ќе бидат извлечени 12 добитници.

Република Северна Македонија / Republika e Maqedonisë së Veriut
Министерство за финансии - Скопје / Ministria e Financave - Shkup
VI

Бул. Македонски просветители бр. 15
6000 Охрид

тел. 046 230 233
info@moneymax.mk
moneymax.mk

MoneyMAX
FINANCIAL

Наградите кои ќе бидат доделени во Наградната игра се ограничени и нема да бидат доделени повеќе награди од оние кои се определени со правилата на Наградната игра.

**Член 7**
**Вредност на наградите – награден фонд**

Во Наградната игра ќе бидат доделени следните награди:

| Бр. | Награда | Количина | Цена МКД без ДДВ | Цена МКД со ДДВ | Вкупна вредност МКД со ДДВ |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Телефон Oscal Tiger | 1 | 4,660.17 | 5,499 | 5,499 |
| 2 | Часовник Mibro | 1 | 1,948.31 | 2,299 | 2,299 |
| 3 | Звучник-Speaker Anker Bluetooth Soundcore Select4Go Black | 1 | 1,296.61 | 1,530 | 1,530 |
| 4 | Звучник-Speaker Anker Bluetooth Soundcore Select4Go White | 1 | 1,305.08 | 1,540 | 1,540 |
| 5 | Звучник JBL Go Essential | 1 | 1,694.07 | 1,999 | 1,999 |
| 6 | Слушалки Xiaomi Redmi Buds 8 Lite Black | 1 | 1,211.86 | 1,430 | 1,430 |
| 7 | Часовник Xiaomi Redmi Watch 5 Active Midnight Black | 1 | 1,864.41 | 2,200 | 2,200 |
| 8 | Слушалки Sony WH-CH520L Bluetooth Blue | 1 | 2,076.27 | 2,450 | 2,450 |
| 9 | Слушалки Sony WH-CH520C Bluetooth Beige | 1 | 2,076.27 | 2,450 | 2,450 |
| 10 | Блендер Philips 3000 Series HR2041 | 1 | 2,304.24 | 2,719 | 2,719 |
| 11 | Ранец Dicallo Notebook | 1 | 846.61 | 999 | 999 |
| 12 | Тротинет Xiaomi Electric Scooter Elite 107115/SDPPI/2025 | 1 | 22,025.42 | 25,990 | 25,990 |
| **Вкупно МКД со ДДВ** | | | | | 51,105 |

**Член 8**
**Услови за учество во наградната игра**

Условите и правилата важат за сите Учесници.

Услов за учество во Наградната игра е потпишан договор за кредит од Учесникот и Организаторот, склучен во периодот од 01.08.2026 година до 22.10.2026 година за кредити издадени заклучно до 22.10.2026 до 17:00 часот, доколку Учесникот не го искористи правото на

Република Северна Македонија / Republika e Maqedonisë së Veriut
Министерство за финансии - Скопје / Ministria e financave - Shkup
VI

otкажување од договорот за кредит согласно чл.14 од Законот за заштита на потрошувачите при договори за потрошувачки кредит.

Учесниците имаат право на учество во Наградната игра единствено доколку ги почитуваат Правилата на Наградната игра.

Правилата и условите на Наградната игра ќе бидат јасно истакнати на веб страната на друштвото.

Ограничувања: Наградите не се преносливи на трети лица.

**Член 9**
**Тек на постапката**

Наградната игра ќе трае вкупно 12 (дванаесет) недели, започнувајќи од денот на објавување на правилата и завршувајќи на денот на финалното извлекување.

Во текот на секоја од 12 недели ќе се спроведува извлекување на по еден (1) добитник на неделна награда.

Сите учесници, без оглед дали добиле неделна награда или не, автоматски учествуваат во финалното извлекување за главната награда.

Извлекувањата ќе се вршат по случаен избор по електронски пат, со присуство на комисија назначена од Организаторот, согласно законските прописи.

Добитниците ќе бидат објавени на официјалните канали на Организаторот (веб-страница, социјални мрежи и/или други средства за јавно информирање).

Главното извлекување ќе се одржи по завршување на дванаесеттата недела, при што ќе се додели една (1) главна награда.

**Член 10**
**Место, време, начин, постапка и контрола на извлекувањето на наградите**

Извлекувањето на наградите ќе се врши на адресата на регистрираното седиште на Организаторот на бул. „Македонски просветители" бр.15, Охрид и тоа:

- Прво коло на 10.08.2026 година во 12:00 часот на кое ќе биде извлечен 1 добитник на Ранец Dicallo Notebook, на кој ќе му биде одобрен и исплатен потрошувачки кредит на било кој износ во периодот од 01.08.2026 година до 07.08.2026;
- Второ коло на 17.08.2026 година во 12:00 часот на кое ќе биде извлечен 1 добитник на Слушалки Xiaomi Redmi Buds 8 Lite Black, на кој ќе му биде одобрен и исплатен потрошувачки кредит на било кој износ во периодот од 08.08.2026 година до 14.08.2026;

Бул. Македонски просветители бр. 15
6000 Охрид
тел. 046 230 233
info@moneymax.mk
moneymax.mk

- Трето коло на 24.08.2026 година во 12:00 часот на кое ќе биде извлечен 1 добитник на звучник Speaker Anker Bluetooth Soundcore Select4Go Black, на кој ќе му биде одобрен и исплатен потрошувачки кредит на било кој износ во периодот од 15.08.2026 година до 21.08.2026;

- Четврто коло на 31.08.2026 година во 12:00 часот на кое ќе биде извлечен 1 добитник на звучник Speaker Anker Bluetooth Soundcore Select4Go white, на кој ќе му биде одобрен и исплатен потрошувачки кредит на било кој износ во периодот од 22.08.2026 година до 28.08.2026;

- Петто коло на 07.09.2026 година во 12:00 часот на кое ќе биде извлечен 1 добитник на Звучник JBL Go Essential, на кој ќе му биде одобрен и исплатен потрошувачки кредит на било кој износ во периодот од 29.08.2026 година до 04.09.2026;

- Шесто коло на 14.09.2026 година во 12:00 часот на кое ќе биде извлечен 1 добитник на Часовник Xiaomi Redmi Watch 5 Active Midnight Black, на кој ќе му биде одобрен и исплатен потрошувачки кредит на било кој износ во периодот од 05.09.2026 година до 11.09.2026;

- Седмо коло на 21.09.2026 година во 12:00 часот на кое ќе биде извлечен 1 добитник на Часовник Mibro, на кој ќе му биде одобрен и исплатен потрошувачки кредит на било кој износ во периодот од 12.09.2026 година до 18.09.2026;

- Осмо коло на 28.09.2026 година во 12:00 часот на кое ќе биде извлечен 1 добитник на Слушалки Sony WH-CH520L Bluetooth Blue на кој ќе му биде одобрен и исплатен потрошувачки кредит на било кој износ во периодот од 19.09.2026 година до 25.09.2026;

- Деветто коло на 05.10.2026 година во 12:00 часот на кое ќе биде извлечен 1 добитник на Слушалки Sony WH-CH520C Bluetooth Beige на кој ќе му биде одобрен и исплатен потрошувачки кредит на било кој износ во периодот од 26.09.2026 година до 02.10.2026;

- Десетто коло на 13.10.2026 година во 12:00 часот на кое ќе биде извлечен 1 добитник на Блендер Philips 3000 Series HR2041, на кој ќе му биде одобрен и исплатен потрошувачки кредит на било кој износ во периодот од 03.10.2026 година до 09.10.2026;

- Единаесетто коло на 19.10.2026 година во 12:00 часот на кое ќе биде извлечен 1 добитник на Телефон Oscal Tiger на кој ќе му биде одобрен и исплатен потрошувачки кредит на било кој износ во периодот од 10.10.2026 година до 16.10.2026 и

- Дванаесетто коло на 26.10.2026 година во 12:00 часот на кое ќе биде извлечен 1 добитник на главната награда тротинет Xiaomi Electric Scooter Elite 107115/SDPPI/2025, на кој ќе му биде одобрен и исплатен потрошувачки кредит на било кој износ во периодот од почетокот на наградната игра 01.08.2026 година до крајот на наградната игра 22.10.2026 односно заклучно до 22.10.2026 до 17:00 часот.

Бул. Македонски просветители бр. 15
6000 Охрид
тел. 046 230 233
info@moneymax.mk
moneymax.mk

Извлекувањето ќе се врши по случаен избор, по електронски пат од системската база на податоци на Организаторот која ги содржи сите склучени договори со право на учество во Наградната игра.

При извлекувањето, ќе бидат користени броевите на договорите кои Организаторот системски ги определува за секој договор, а нема да бидат користени останатите податоци на учесниците.

Извлекувањето на наградите ќе се врши во присуство на комисија која ќе биде составена од три члена и тоа:

- Претставник од органот на управување на Организаторот;
- Претставник од правниот сектор на Организаторот и
- Претставник од маркетинг секторот на Организаторот.

На извлекувањето на наградите ќе бидат извлечени 12 добитници на награди и 12 резервни добитници. Доколку се појави пречка за доделување на наградата, наградата ќе се додели на резервниот добитник.

За текот на извлекувањето ќе се води записник, кој ќе биде потпишан од членовите на Комисијата.

**Член 11**
**Начин на објавување на добитниците на наградите**

Добитниците ќе бидат објавени во рок од 3 (три) дена од денот на извлекувањето, на веб – страната на Организаторот www.moneymax.mk;

Организаторот телефонски ќе ги извести добитниците за добиената награда, на телефонските броеви кои се наведени за учесниците при склучување на Договорот;

Доколку не може да се оствари контакт на телефонските броеви, Организаторот ќе ги извести добитниците по електронска пошта на адресите кои се наведени при склучувањето на Договорот;

Доколку Организаторот не може да оствари контакт со добитниците на телефонските броеви и на електронската пошта, добитниците ќе бидат известени по пошта на домашната адреса наведена во склучениот Договор;

Доколку Организаторот не може да оствари контакт со добитникот на ниту еден од начините наведени погоре, наградата ќе биде доделена на резервниот добитник.

Република Северна Македонија / Republika e Maqedonisë së Veriut
Министерство за финансии - Скопје / Ministria e financave - Shkup
VI

MoneyMAX FINANCIAL

**Член 12**

**Начин на доделување на наградите**

Наградите можат да се подигнат во рок од 60 (шеесет) дена од денот на објавување на добитниците на официјалната веб-страна на Организаторот.

Наградите ќе им бидат доставени на добитниците на домашната адреса наведена во склучениот Договор, од страна на правно лице (курирска служба) за достава на брзи пратки, ангажирана од Организаторот на наградната игра или подигнување лично од добитникот во просториите на регистрираното седиште на Организаторот.

Вработените кај правното лице (курирската служба) за достава на брзи пратки ќе извршат увид во документ за лична идентификација на добитникот.

Ако добитникот на наградата од извлекувањето го откаже подигнувањето на наградата од која било причина, должен е за тоа да го извести Организаторот во рок од 5 дена од денот кога е известен дека е добитник на награда.

Со преземањето на наградите, престануваат понатамошните обврски на Организаторот на наградната игра спрема добитниците.

Организаторот нема никаква одговорност која може да произлезе од користењето на наградите, како и плаќање на штети кои на некаков начин се поврзани со користењето на наградата.

Доделувањето на наградата може да биде јавен настан. Организаторот има право со нивна согласност да ги слика/снима добитниците на наградите со што нивните лични податоци име и презиме можат да станат јавни и да бидат користени во аудио, фотографија или видео материјал, без право на дополнителен надомест.

Во случај да нема доволно пријавени учесници, односно помалку од вкупниот број на награди што се доделуваат, а во конкретниот случај дванаесет (12), наградите остануваат како недоделени и му остануваат на Организаторот на наградната игра (ФД Монимакс Финансиско ДООЕЛ Охрид).

Организаторот не одговара во случај кога добиена награда не може да биде дадена или искористена поради невозможност потенцијалниот добитник или негов претставник да се јави и да ја добие наградата во определените рокови или поради други пречки поврзани со конкретниот добитник или негов претставник односно поради околности предизвикани од виша сила, нормативни или законски ограничувања. Во тој случај наградите, остануваат како недоделени и му остануваат на Организаторот на наградната игра (ФД Монимакс Финансиско ДООЕЛ Охрид).

Република Северна Македонија / Republika e Maqedonisë së Veriut
Министерство за финансии / Ministria e financave - Shkup
VI

MoneyMAX FINANCIAL

**Член 13**

**Рок на подигнување на наградите**

Добитникот на наградата е должен во рок од 60 (шеесет) дена од објавувањето на добитникот на веб – страната на Организаторот да ја подигне наградата;

Доколку Организаторот поради недостапност на добитникот или поради друга спреченост на добитникот не може да изврши достава на наградата, или пак доколку добитникот одбива да ја прими наградата на адресата на која му се доставува, наградата може да ја подигне во рокот од став 1 на овој член во седиштето на организаторот на бул. „Македонски просветители“ бр.15, Охрид;

Легитимирањето на добитникот при доставување на наградата ќе се врши со приложување на документ за идентификација (лична карта или патна исправа) и увид во истата од страна на претставници на Организаторот;

Со конечната реализација на наградите престануваат сите обврски на Организаторот на наградната игра спрема добитникот.

**Член 14**

**Начин на запознавање на корисниците со правилата за учество во наградната игра**

Правилата на Наградната игра во целост ќе бидат објавени на веб – страната на Организаторот, www.moneymax.mk, по добивањето на дозволата за организирање на наградна игра од Министерството за финансии на Република Северна Македонија, а пред почетокот на Наградната игра.

**Член 15**

**Право на приговор**

Незадоволниот Учесник во Наградната игра има право да приложи приговор во рок од 3 (три) работни дена по објавувањето на добитникот/ците на веб – страната, во писмена форма до Организаторот на Наградната игра, кој е должен да одговори на приговорот во рок од 5 (пет) работни дена по приемот на приговорот.

**Член 16**

**Забрана за учество**

Забрана за учество во Наградната игра имаат лицата кои се вработени во ФД МОНИМАКС ФИНАНСИСКО ДООЕЛ Охрид и членовите на нивните потесни семејства, малолетни лица и лица постари од 80 години.

Република Северна Македонија / Republika e Maqedonisë së Veriut Министерство за финансии - Скопје / Ministria e financave - Shkup VI

MoneyMAX FINANCIAL

## Член 17
## Канали на комуникција

Сите постојни и идни потенцијални корисници ќе имаат можност да се запознаат со Наградната игра која ќе биде промовирана и комуницирана преку официјалните канали на комуникација на Организаторот (социјални, печатени, радио и тв медиуми, Viber и SMS кампањи, Push нотификации итн.)

За сите прашања во врска со Наградната игра, корисниците можат да се обратат до Финансиското Друштво МОНИМАКС ФИНАНСИСКО ДООЕЛ Охрид преку официјалните канали за комуникација на друштвото.

## Член 18
## Обработка на лични податоци

Организаторот ќе постапува во согласност со Законот за заштита на личните податоци и ќе обезбеди високи стандарди на сигурност и доверливост при нивната обработка.

При електронското случајно извлекување на добитници ќе се користи единствено бројот на договорот за кредит, без обработка на останатите лични информации на учесниците. Со поднесување на Барање за кредит преку веб-страницата или мобилната апликација My MoneyMAX, и по одобрување и исплаќање на истиот, корисниците автоматски стануваат учесници во наградната игра.

Секој кој не сака неговите податоци да се користат за оваа цел може да се откаже од учеството во наградната игра со доставување писмена изјава за откажување на е-пошта: info@moneymax.mk.

Добитниците даваат согласност Организаторот да ги прибира, чува и обработува нивните лични податоци за потребите на наградната игра, сѐ до моментот на повлекување на дадената согласност. Повлекувањето може да се изврши во секое време со доставување на барање, по што податоците ќе бидат исклучени од понатамошна обработка.

Одговорен за обработка на личните податоци е лицето/лицата кое е назначено како Офицер за заштита на лични податоци од страна на Организаторот.

Податоците во врска со наградната игра ќе се чуваат 3 месеци по завршувањето на наградната игра, по што сите документи со лични податоци ќе бидат уништени согласно интерната процедура и законските правила.

## Член 19
## Прекин на наградната игра

Наградната игра може да биде прекината во случај на настани од виша сила, согласно член 9 од Законот за игри на среќа и забавни игри, вклучувајќи околности кои го спречуваат Организаторот да ја реализира играта поради причини надвор од неговата контрола.

Во таков случај, по известувањето и добиената согласност од Министерството за финансии, Организаторот е должен да ги извести учесниците за прекинот, причините и датумот на прекинување преку јавно соопштение во медиумите.

**Член 20**
**Потенцијални спорови**

За сите спорови кои би произлегле помеѓу Организаторот и учесниците во наградната игра надлежен е Основниот суд во Охрид.

**Член 21**
**Официјални правила**

Овие правила ќе се применуваат по добивањето на Дозвола за приредување наградна игра од Министерството за финансии и ќе важат до завршување на истата. Со учеството, секој учесник ги прифаќа правата и обврските утврдени во овие правила.

Секој заинтересиран може да добие примерок од правилата на сопствен трошок во канцелариите на Организаторот.

За дополнителни информации, учесниците можат да се обратат на телефонскиот број 046 230 233, секој работен ден од 08:00 до 17:00 часот, во периодот од 01.08.2026 до 22.10.2026.

Организатор:
Финансиско друштво ФД Monимакс Финансиско ДООЕЛ Охрид

Бул. Македонски просветители бр. 15
6000 Охрид
тел. 046 230 233
info@moneymax.mk
moneymax.mk